# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 7 Јули 2009 година<br>Службен гласник број 10<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ОУ “БЛАЖЕ КОНЕСКИ” - ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА,ЗА СМЕТКИТЕ 603, 903,787 И 785**

1. Решението за давање согласност на Годишната сметка на ОУ “Блаже Конески” - Прилеп за 2008 година, за сметките 603, 903,787 и 785, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1632/2
07.07.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 06.07.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Годишната сметка на ОУ “Блаже Конески” - Прилеп, за 2008 година, за сметките 603, 903, 787 и 785

1. Се дава согласност на Годишната сметка на ОУ " Блаже Конески " - Прилеп, за 2008 година, за сметките 603, 903, 787 и 785.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1597/3
06.07.2009 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Решението за именување членови на Партиципативното тело на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1632/3 — ГРАДОНАЧАЛНИК
07.07.2009 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 1, точка 1, член 36 став 1, точка 15 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 17 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Службен весник на РМ" бр.51/2005) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 06.07.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за именување членови на Партиципативното тело на Општина Прилеп

1.За членови на Партиципативното тело на Општина Прилеп, формирано со Одлука ("Службен гласник на Општина Прилеп" 17/2005), се именуваат:

**за претседател:**
- Илија Карески, ДИА;

**за членови:**
- Татјана Стефаноска, дипл.ел инж.;
- Маја Конеска, ЈП за ПУП;
-Миле Боболески, ДИА;
- Николина Рувческа, дипл. град. инж.;
- Илија Беличоски, ДИА;
- Винко Тодороски, дипл. ел. инж.;
- Кирил Настески, ДИА;
- Васе Никоска ДИА; и
-Благоја Конески - ДИА.

2. Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 1597/4 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.07.2009 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМАТА "ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА" - БУЏЕТСКИ ФОРУМ И ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА ИЗБРАНИТЕ ПРОЕКТИ**

1. Одлуката за усвојување на Иницијатива за учество во Програмата "Форуми во заедницата" - Буџетски форум и финансиско учество на Општина Прилеп за избраните проекти, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1632/4 — ГРАДОНАЧАЛНИК
07.07.2009 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ 5/2002) и член 14 став1 точка 2 и член 26 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Прилеп („Службен гласник на Општина Прилеп“ 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 06.07.2009 год. донесе:

**О Д Л У К А**
За усвојување на иницијатива за учество во Програмата „Форуми во заедницата“ – Буџетски форум и финансиско учество на Општина Прилеп за избраните проекти

**Член 1**

Се усвојува иницијативата за учество на Општина Прилеп во Програмата „Форуми во заедницата“ и пријавување за Буџетски форум 2009 – 2010 година.

**Член 2**

Со оваа одлука се потврдува финансиското учество на Општина Прилеп за Програмата „Форуми во заедницата“ за имплементација на избраните проекти.

**Член 3**

Општина Прилеп, од својот буџет ќе обезбеди два вида на финансиско учество:

1.Учество во процесот - освежување на учесниците, надоместоци за Оперативната група, превод (доколку е потребно), превоз, простории за одржување на форумите.

2.Учество во проектниот фонд за имплементација на проектите избрани на форумите во износ од 2.000.000,00 ден., како сопствено учество, според Опција 4, за општини со повеќе од 50000 жители, од Програмата „Форуми во заедницата“.

**Член 4**

Финансиското учество од страна на Општина Прилеп за избраните проекти, ќе биде обезбедено од следните буџетски линии:

-Програма К4 – Културни Манифестации и творештво

- Програма ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици
- Програма ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води
- Програма Ј8 – Други комунални работи.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 07- 1597/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.07.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2009 ГОДИНА**

1. Програмата за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1632/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.07.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 17 од Законот за просторно И урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.51/05 И 137/07) И член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„бр.5/2002) И член 26 с.1 т.7 од Статутот на општина Прилеп („Сл.гласник на општина Прилеп„бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 06.07.2009 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за дополнување на Програмата
за донесување на урбанистички планови
за територијата на Општина Прилеп
за 2009година

Член 1

Во Програмата за донесување на урбанистички планови за територијата на Општина Прилеп за 2009 година („Сл.гласник на општина Прилеп бр.2/2009 и 8/2009), во глава **Г) УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО** после точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

**6.Урбанистички план за вон населено место (м.в.Оранжерии) на кп. од бр.1470 до 1508, 1514/1 и од кп.бр.1203 до 1226 КО Прилеп, во површина од 20,00 ха.**

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп„

Број 07 - 1597/6 **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
06.07.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО - СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ И ПОКРИВНИ ЕЛЕМЕНТИ СО ПРАТЕЧКИ СОДРЖИНИ, ВО М.В."БЕГОВА ЛИВАДА", КП БР.4090, КО ВАРОШ, ВООПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување урбанистички план вон населено место - стопански комплекс за производство на челични конструкции и покривни елементи со пратечки содржини, во М.В . "Бегова ливада", КП бр.4090, КО Варош, во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1632/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.07.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 06.07.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за донесување **Урбанистички план вон населено место- стопански комплекс за производство на челични конструкции и покривни елементи со пратечки содржини,м.в. " Бегова Ливада", КП бр.4090,КО Варош, во Општина Прилеп**

**чл.1**

Се донесува **Урбанистички план вон населено место-за изградба на стопански комплекс за производство на челични конструкции и покривни елементи со пратечки содрыни,во м.в."Бегова Ливада"** на КП бр.4090, КО Варош,во Општина Прилеп **(**во понатамошмиот текст Планот), како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука..

**Планскиот опфат е ограничен со следните граници:** на север оди по границите на КП бр.4090 до постојниот отворен канал према регионалниот пат Р-516 –Прилеп –Крушево.

**Вака определениот плански опфат е со површина од 0,54ха.**

**чл.2**

**Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**

1. **Програма за дополнување на Програмата** за донесување на урбанистички планови во Општина Прилеп за 2006год.

**2.Услови за планирање на просторот**-техн техн.бр.14006 од Јуни 2006год.,изработен од Агенција за планирање на просторот -Скопје

**3.Решение за услови за планирање на просторот** бр.15-2927/4 од 03.07.2006год.,издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање од Скопје.

**4.Нацрт План** ,техн.бр.17/07, од Август 2007год. изработен од ДООЕЛ"Стил Проект"од Прилеп.

**5.Извештај од извршена Стручна ревизија** на Нацрт Планот изработена од ИУСЕ"ИН-ПУМА"-од Скопје техн.бр.136/2007 од Јуни 2007год. заверен во општина Прилеп под бр. 09-1286/2 од 28.06.2007год.

**6.Одговор на забелешките од Стручната ревизија** од изработувачот на планот ,ДООЕЛ "Стил Проект", од Прилеп, од Јуни 2007год.заверен во општина Прилеп под бр.09-1268/3 од 28.06.2007г.

**7.Стручно мислење** од Министерството за транспорт и врски бр.17-8647 од 19.07.2007год.

8.**Одговор на забелешките од Стручното мислење** ,од Август 2007год.-тхе.бр.17/07 изработен од ДОО "Стил Проект"од Прилеп и заведен во општина Прилеп под бр. 09-1268/6 од 24.08.2007година.

**9.Одлука за утврдување Нацрт план** бр.07-2124/4 од 25.09.2007д.-Совет на Општина Прилеп.

**11.Одлука за организирање на јавна анкета и јавна презентација** ,по Нацрт Планот, бр.09-1268/7 од 02.10.2007год.-Градонач.на Општина Прилеп.

**12.Соопштение за организирање на јавна анкета** и јавна презентација бр.09-1268/8 од 02.10.2007г.,објавено во печатен медиум.

**13.Извештај од јавната анкета и Стручна консултација** бр.09-1268/11 од 08.11.2007год.

**14.Известување за постапување по извештајот**бр.09-292/2 од 05.02.2008год.

**15..Согласност на Предлог планот** ,од Министерството за транспорт и врски бр.17-5897/2 од 22.06. 2009год.

**16.Решение за давање на согласност за трајна бр.1398/5 од 19.03.2009година од Министерство за замјоделство,шумарство и водостопанство Скопје.**

**16.Комплетен примерок од Предлог Планот,**техн. бр.17/07, од Март 2008год., изработен од ДОО"Стил Проект" од Прилеп,**кој содржи:**

**СОДРЖИНА**

-Општо
-Вовед
-Цел на изработка на планот
-Методологија на изработка на планот
-Граници на плански опфат и површини

**А. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**Текстуален дел**

- Регионална поставеност на комплексот и микролокациски услови
- Историјат на планирањето на просторот
- Природни карактеристики
- Анализа на изграден фонд и инфраструктурна опременост на комплексот и неговата околина
- Насоки на просторен концепт и развој
- **Графички прилози**
- **И**звод од просторен план на РМ
- Прегледна карта М=1:25000
- Ажурирана геодетска подлога М=1:1000
- Инвентаризација на постоен градежен фонди постојна инфраструктура М=1:1000
- Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби М=1:1000

**Б. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Текстуален дел**

-Намена на земјиштето
- Површини за градба и висински план
- Преглед на површини и нумерички показатели
- Урбанистичко арх.услови и елементи на заштита на просторот
- Инфраструктура
- Економско образложение
- Општи и посебни услови за изградба

**Нумерички дел**

Нумерички и билансни показатели за планираната состојба

**Графички прилози**

-Планско решение на намена на земјиште М=1:1000

-Планско решение на површините за градба со регулациони и градежни линии М=1:1000

-Планско решение за сообраќај и зеленило со нивелманско решение М=1:1000

-Планско решение за инфраструктура М=1:1000

-Синтезен план М=1:1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,во електронски формат,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење.

**Чл.5**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.6**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 - 1597/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.07.2009 година на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА "ФЕСТИВАЛ НА ПИВО - 2009" - ПРИЛЕП**

1. Одлуката за определување на локалитет за организирање на "Фестивал на пиво - 2009" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1632/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.07.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп("Сл. гласник на општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005) Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 06.07.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за определување на локалитет за организирање на **,,Фестивал на пиво-2009,,** Прилеп

Член 1

Манифестацијата **,,Фестивал на пиво-2009,,** ќе се одржи на локалитетот кој ги опфаќа следните граници:

**-од север- тротоар на Булевар ,,Маршал Тито,,;**

**-од исток- крстосница пред Градска кафеана;**

**-од југ - тротоар на Булевар,,Маршал Тито,,**

**-од запад крстосница на Булевар,,Маршал Тито,, со ул.,,Кузман Јосифоски,,.**

Површината предвидена за поставување на штандови изнесува 2866м2-нето површина.

Член 2

Се забранува поставување на бина и штандови во парковските површини, кои гравитираат на определените граници.

Се забрануваат градежни зафати(трајни или монтажно-демонтажни) на летната сцена, пред споменикот на Александар Македонски.

За паркинг простор, за потребите на фестивалот, се одредува просторот од Булевар,,Маршал Тито,, со пресекот на ул.,,Кузман Јосифоски,, до ул.,,Димо Наредникот,,.

Член 3

Посебните локации за фестивалот, како и поставувањето на санитарни чворови, определени се во графички прилог - ,,Фестивал на пиво-2009", изработен од ЈП за ПУП Прилеп,кој е составен дел на оваа одлука.

Член 4

Пред добивање на одобрение за начинот и користењето на просторот, организаторот е должен да прибави согласност од:,ЕВН Македонија АД Скопје-Кец-Прилеп,ЈКП,,Водоводиканализација,,-Прилеп, ЈКП,,Комуналец,,-Прилеп, МВР-Сектор за сообраќај, Територијална ПП единица-Прилеп, ПТТ- Прилеп и други служби кои ќе го опслужуваат фестивалот.

Член 5

Обезбедувањето и безбедноста на фестивалот е обврска на организаторот.

Член 6

Се овластува Градоначалникот на општина Прилеп да склучи посебен договор со организаторот на фестивалот, со кој поблиску ќе се регулира начинот и условите за користење на просторот, времетраењето, и други прашања кои не се регулирани со оваа одлука .

Член 7

Општина Прилеп како коорганизатор и поддржувач на манифестацијата .

"Фестивал на пивото 2009", надоместокот за користење на просторот го обезбедува како сопствен придонес кон манифестацијата, со што го ослободува организаторот од подмирување на истиот.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Сл. Гласник на општина Прилеп,,.

| | |
|---|---|
| Број 07 - 1597/8 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 06.07.2009 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стевананџија |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА "ЖАБИНО МААЛО"- ПРИЛЕП

1. Решението за прифаќање на Иницијативата за основање на Урбана заедница "Жабино маало"- Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 1632/8 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 07.07.2009 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 и член 108 став 2 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 06.07.2009 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
за прифаќање на иницијативата за основање на Урбана заедница "Жабино маало" - Прилеп

1. Се прифаќа иницијативата за основање на Урбана заедница "Жабино маало" - Прилеп.

2. Советот на Општина Прилеп оценува дека се исполнети условите за основање на урбана заедница.

3. Подрачјето за кое се основа Урбана заедница"Жабино маало" - Прилеп, се состои од опфатот на урбанистичко-архитектонските единици: 20/1, 20/2, 20/6, 21/1, 21/2, 21/3 и 21/4.

Границата на подрачјето за кое се основа Урбана заедница "Жабино маало" - Прилеп е определена со улиците: од исток со ул."Трајко Николоски", на југ "Ореовечка

река", на север ул."Маршал Тито" и на запад границата на планскиот опфат на град Прилеп, даден со ГУП за град Прилеп.

Седиштето на Урбана заедница "Жабино маало" - Прилеп е на адреса "Савска" број 104.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1597/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.07.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ПРЕД И ВО ТЕК НА ЕВЕНТУАЛНА ПАНДЕМИЈА ГРИП СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ГРИП "А" (Х1 Н1)**

1. Заклучокот за усвојување на Оперативниот план на активности пред и во тек на евентуална пандемија грип со посебен осврт на грип "А" (Х1 Н1), се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1632/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.07.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26, став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп („Службен гласник на општина Прилеп„бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 06.07.2009 година, претресувајќи го Оперативниот план на активности пред и во тек на евентуална пандемија грип со посебен осврт на грип "А" (Х1 Н1), донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Оперативниот план на активности пред и во тек на евентуална пандемија грип со посебен осврт на грип "А" (Х1 Н1)

1. Се уавојува Оперативниот план на активности пред и во тек на евентуална пандемија грип со посебен осврт на грип "А" (Х1 Н1).

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен гласник на Општина Прилеп„.

Број 07 - 1597/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.07.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНА ПРИЛЕП И ОПШТИНА КРУШЕВО**

1. Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Прилеп и Општина Крушево, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1632/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.07.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 6 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ„ бр.79/2009) и член 26 став 1 точка 47 од Статутот на општина Прилеп („Службен гласник на општина Прилеп„ бр.6/2003 и 4/2005) Советот на општина Прилеп го прифати Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од Градоначалникот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 06.07.2009 година и го утврди следниот:

**П Р Е Д Л О Г**
за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Прилеп и Општина Крушево

1. Да се воспостави меѓуопштинска соработка меѓу општина Прилеп и општина Крушево за вршење на работите од надлежност на општините од страна на општина Прилеп. а за сметка на општина Крушево.

Меѓуопштинската соработка се однесува на надлежноста за вршење на градежна инспекција.

2. Меѓуопштинската соработка ќе се оствари преку склучување на Договор за вршење на определените работи од страна на општина Прилеп за сметка на општина Крушево.

3. Сите трошоци поврзани со меѓуопштинската соработка односно трошоците за вршење на надлежноста на градежната инспекција на територијата на општина Крушево ќе паднат на товар на општина Крушево.

4. Предлогот да се достави до општина Крушево.

Број 07- 1597/11
06.07.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС- ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2009 ГОДИНА**

1. Измените на Буџетот на ЕЛС - Општина Прилеп за 2009 година, се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1632/1
07.07.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

**С О Д Р Ж И Н А**
**на "Службен гласник на Општина Прилеп"**
**број 10 од 07.07.2009 година**


1. Решение за давање согласност на Годишната сметка на ОУ “Блаже Конески” - Прилеп за 2008 година, за сметките 603, 903,787 и 785.....................**стр. 1**
2. Решение за именување членови на Партиципативното тело на Општина Прилеп.....................................................................................................**стр. 2**
3. Одлука за усвојување на Иницијатива за учество во Програмата "Форуми во заедницата" - Буџетски форум и финансиско учество на Општина Прилеп за избраните проекти.....................................................................................**стр. 2**
4. Програма за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2009 година...........................**стр. 3**
5.Одлука за донесување урбанистички план вон населено место - стопански комплекс за производство на челични конструкции и покривни елементи со пратечки содржини, во М.В . "Бегова ливада", КП бр.4090, КО Варош, во Општина Прилеп.....................................................................................................**стр. 4**
6. Одлука за определување на локалитет за организирање на "Фестивал на пиво - 2009" - Прилеп.......................................................................................**стр. 5**
7. Решение за прифаќање на Иницијативата за основање на Урбана заедница "Жабино маало"- Прилеп...................................................................**стр. 6**
8. Заклучок за усвојување на Оперативниот план на активности пред и во тек на евентуална пандемија грип со посебен осврт на грип "А"(X1 H1). .........**стр. 7**
9. Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Прилеп и Општина Крушево.........................................................................**стр. 7**
10. Измени на Буџетот на ЕЛС - Општина Прилеп за 2009 година...........**стр.9**


Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.